КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување(„Службенвесникна РМ“бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 216-та седница одржана на ден 29.04.2021 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-209/6-4
29.04 2021 год.

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Товарот на докажување *(onus probandi)* на обемот на намиреност на извршната исправа, според правилата на граѓанското право паѓа на странката која што тоа го тврди.

*Образложение*

Прашањето за товарот на докажување на обемот на намиреноста на извршната исправа не е уредено со ЗИ. Согласно членот 10 став 1 од ЗИ:„При спроведувањето на извршувањето сообразно се применуваат одредбите од Законот за парнична постапка, ако со овој закон или со друг закон поинаку не е определено.“ Согласно членот 8 од ЗПП кои факти ќе ги земе како докажани одлучува судот по свое убедување врз основа на совесна и грижлива оцена секој доказ посебно и сите докази заедно, како и врз основа на резултатите од целокупната постапка. Секоја странка е должна да ги изнесе фактите и да приложи докази врз кои го заснова своето барање или со кои ги побива наводите и доказите на противникот (чл. 205 ст. 1 од ЗПП). Според правилата на граѓанското право засновани на латинската максима *necessitas probandi incumbit ei qui agit* (неопходноста да се докаже нешто лежи во рацете на оној што тужи) товарот на докажувања е на странката која што тоа го тврди. Со други зборови, кој тврди - тој треба да докажува. Товарот на докажување *(onus probandi)* е обврска на странката која што тоа го тврди, а не на странката која тоа го порекнува. Странката која тврди дека го намирила во целост или делумно побарувањето кон доверителот тоа треба да докаже пред извршителот.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com